**20080300452**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 33 од Законот за извршување на Буџет на Република Македонија за 2008 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 160/2007), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.02.2008 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2008 ГОДИНА

I

Средствата за финансиска поддршка во земјоделството за 2008 година во вкупен износ од 2.008.050.000,00 денари, обезбедени согласно раздел 14004 програма 2 подпрограма 20 категорија 46 ставка 464 во износ од 1.872.050.000,00 денари, согласно раздел 14001 програма 3 подпрограма 30 категорија 46 ставка 464 во износ од 36.000.000,00 денари и согласно раздел 14004 програма 2 подпрограма 20 категорија 48 ставка 489 во износ од 100.000.000,00 денари од Буџетот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 160/07), ќе се користат според намените, критериумите и условите утврдени со оваа програма и тоа за:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Финансиска поддршка за растителното производство | 1.114.300.000 |
| 2. | Финансиска поддршка за сточарското производство | 698.850.000 |
| 3. | Финансиска поддршка за алтернативни нетрадиционални и недоволно застапени производи | 9.000.000 |
| 4. | Финансиска поддршка за спроведување на стандарди за квалитет и безбедност на храна | 9.200.000 |
| 5. | Општи мерки | 13.000.000 |
| 6. | Посебни мерки | 154.700.000 |
| 7. | За целосно реализирање на Програмата за поттикнување на развојот на земјоделството во 2007 година | 9.000.000 |
| **ВКУПНО** | | 2.008.050.000 |

II

Средствата од дел I точка 1 на оваа програма наменети за финансиска поддршка за растителното производство во износ од 1.114.300.000 денари ќе се користат за реализација на следните мерки:

| | **Вид на мерка** | **Критериум и висина на поддршка** | **износ** |
|---|---|---|---|
| **1. РАСТИТЕЛНО ПРОИЗВОДСТВО** | | | **1,114,300,000** |
| | **Поледелство** | | **703,000,000** |
| 1.1. | Финансиска поддршка за засеани површини со житни и маслодајни култури во 2007/2008 година (пченица, пченка, рж, јачмен, овес, ориз, тритикале, маслодајна репка, сончоглед, соја) | Критериум<br>*- Минимум засеана површина на 0,5 ха за секоја култура одделно*<br>Висина на поддршка<br>*-од 0,5 до 50ха 6.000 ден/ха*<br>*-од 50,1 до 100ха 3.600 ден/ха*<br>*-од 100,1 до 300ха 1.800 ден/ха*<br>*-над 300ха 600 ден/ха* | 660,000,000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.2. | Финансиска поддршка за засеани површини под фуражни култури (Луцерка, добиточен грашок, еспарзета и граор) | Критериум<br><br>*- Минимум засеани површини на 0,3 ха за секоја култура одделно* | 16,000,000 |
| 1.3. | Финансиска поддршка за домашно производство на сертифициран семенски материјал за житни и маслодајни култури (пченица, пченка, рж, јачмен, овес, ориз, тритикале, маслодајна репка, сончоглед, соја) | Критериум<br><br>*- произведен сертифициран семенски материјал во 2008 година од регистрирани производители*<br>*- Минимум засеани површини на 0,3 ха за секоја култура одделно* | 27,000,000 |
| | **Градинарство** | | **65,000,000** |
| 1.4. | Финансиска поддршка за оранжериско производство година (домати, пиперки, краставици и режано цвеќе*)* во 2008 | Критериум<br><br>*- Минимум засеани површини од 0,3 ха во затворени простории под контролирани услови*<br>*-Произведена и продадена количина на домашен пазар или остварен извоз до 15. 05.2008 година* | 15,000,000 |
| 1.5. | Финансиска поддршка за производство на отворено и во пластеници предадени во преработувачката индустрија (индустриска пиперка, домати, феферони, корнишони и гамба) | Критериум<br><br>*- Минимум засеани површини од 0,3 ха за секоја култура одделно*<br>*- Произведена и продадена количина во преработувачки капацитети до 31.10.2008 година* | 50,000,000 |
| | **Лозарство и овоштарство** | | **341,300,000** |
| 1.6. | Финансиска поддршка за подигање на нови лозови насади во 2008 година | Критериум<br><br>*- Подигнати лозови насади на нови површини со минимална површина од 0,3 ха во период есен 2007 и пролет 2008 година*<br>*-Препорачани вински сорти или домашни/одомашени трпезни сорти*<br><br>Висина на поддршка<br>- 120.000 ден/ха | 72,000,000 |
| 1.7. | Финансиска поддршка за произведено и продадено грозје во регистрирани домашни винарски визби | Критериум<br><br>*- Произведено и продадено грозје до 31.10.2008 година* | 202,500,000 |
| 1.8. | Финансиска поддршка за производство на домашен сертифициран лозов саден материјал | Критериум<br><br>*- Произведен домашен сретифициран лозов саден материјал во* | 800,000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | *2008 година од регистрирани производители* | |
| 1.9. | Финансиска поддршка за подигање на матичници за производство на сертифициран лозов саден материјал | Критериум<br><br>*- Подигнат матичник на минимум површина од 0,2 ха во 2008 година од регистрирани производители* | 1,000,000 |
| 1.10. | Финансиска поддршка за подигнати нови овошни насади во 2008 година а) јаболка, круша, праска, кајсија, слива, цреша, вишна, лешник, орев и бадем б) малина, рибизла, капина | Критериум<br><br>*а) Подигнати овошни насади на нови површини на минимална површина од 0,3 ха,*<br>*б)Подигнати овошни насади на нови површини од на минимална површина од 0,2 ха*<br>*-Период на подигање есен 2007 и пролет 2008 година*<br><br>Висина на поддршка<br><br>- 75.000ден/ха | 60,000,000 |
| 1.11. | Финансиска поддршка за одржување на овошни насади | Критериум<br><br>*- подигнати во 2007 година*<br><br>Висина на поддршка<br><br>*10.000 ден/ха* | 3,300,000 |
| 1.12. | Финансиска поддршка за домашно производство на сертифициран овошен саден материјал | Критериум<br><br>*- Произведен домашен сретифициран овошен саден материјал во 2008 година од регистрирани производители* | 700,000 |
| 1.13. | Финансиска поддршка за подигање на матичници за производство на сертифициран овошен саден материјал | Критериум<br><br>*- Подигнат матичник на минимум површина од 0,2 ха во 2008 година од регистрирани производители* | 1,000,000 |
| | **Посебни мерки во растителното производство** | | **5,000,000** |
| 1.14. | Финансиска поддршка на проекти од областа на растителното производство | *Изработка на студии, имплементација на проекти, изготвување на под-секторски стратегии/програми за потреба на министерството* | 5,000,000 |

III

Средствата од дел I точка 2 на оваа програма наменети за финансиска поддршка за сточарското производство во износ 698.850.000,00 денари ќе се користат за реализација на следните мерки:

| | Вид на мерка | Критериум и висина на поддршката | износ |
|---|---|---|---|
| | **2. СТОЧАРСТВО** | | **698,850,000** |
| | **Говедарство** | | **311,060,000** |
| 2.1. | Финансиска поддршка за произведено и продадено кравјо млеко во регистрирани објекти за преработка на млеко | Критериум<br><br>*- Продадено млеко за период јануари – октомври 2008 година*<br>*- Добиено млеко само од регистрирани грла*<br><br>Висина на поддршка<br><br>*- 2 ден/литар* | 280,000,000 |
| 2.2. | Финансиска поддршка за продадени грла говеда во регистриран кланичен капацитет | Критериум<br><br>*Одгледани и продадени грла за период јануари – октомври 2008 година*<br><br>Висина на поддршка<br><br>*- 1500 ден/грло* | 10,500,000 |
| 2.3. | Финансиска поддршка за осеменети грла по пат на В/О | Критериум<br><br>*- добиено и регистрирано теле во период јануари – октомври 2008 година*<br>*- добиено теле од регистрирани грла осеменети по пат на В/О* | 19,060,000 |
| 2.4. | Финансиска поддршка за набавени приплодни бикови во ридско-планинските подрачја | Критериум<br><br>*- Набавени машки приплодни грла во период јануари – октомври 2008 година од регистрирани одгледувалишта на приплоден добиток*<br><br>Висина на поддршка<br><br>*-50 % од набавната вредност но не повеќе од 30.000,00 денари по грло* | 1,500,000 |
| | **Овчарство** | | **261,500,000** |
| 2.5. | Финансиска поддршка за обележано женско јагне за одржување и зголемување на основното стадо овци | Критериум<br><br>*- Минимум 50 грла од сите категории.*<br>*- Добиени женски јагниња во период ноември 2007-мај 2008 година оставени за приплод и обележани* | 220,000,000 |
| 2.6. | Финансиска поддршка за произведено и откупено овчо млеко во регистрирани објекти за преработка на млеко | Критериум<br><br>*- Продадено млеко за период јануари – октомври 2008 година*<br><br>Висина на поддршка<br><br>*- 2 ден/литар* | 40,000,000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2.7. | Финансиска поддршка за набавка на машки приплодни грла - оригинали и репродуктори | Критериум<br><br>*- Набавени машки приплодни грла во период јануари – октомври 2008 година од регистрирани одгледувалишта на приплоден добиток*<br>Висина на поддршка<br>*-50 % од набавната вредност но не повеќе од 15.000,00 денари по грло (оригинали) и 5.000 денари по грло( репродуктори)* | 1,500,000 |
| | **Козарство** | | **22,450,000** |
| 2.8. | Финансиска поддршка за основното стадо кози | Критериум<br><br>*- минимум 30 грла кози од сите категории* | 20,000,000 |
| 2.9 | Финансиска поддршка за за произведено и продадено козјо млеко во регистрирани објекти за преработка на млеко | Критериум<br><br>*Продадено млеко за период јануари – октомври 2008 година*<br><br>Висина на поддршка<br>- 2 ден/литар | 2,000,000 |
| 2.10 | Финансиска поддршка за набавка на приплодни грла кози | Критериум<br><br>*- набавени приплодни грла кози во период јануари-октомври 2008 година од регистрирани одгледувалишта на приплоден добиток*<br><br>Висина на поддршка<br>*- 50% од набавната вредност, но не повеќе од 4.500 денари/ грло.* | 450,000 |
| | **Свињарство** | | **55,000,000** |
| 2.11 | Финансиска поддршка за одгледани и продадени гоеници | Критериум<br><br>*- Одгледани и продадени минимум 5 грла во регистрирани кланични капацитети*<br>*- Минимална тежина од 90 кг по продадено грло*<br>*- Период на продавање од ноември 2007- октомври 2008*<br>Висина на поддршка<br>*- 500 ден/грло* | 50,000,000 |
| 2.12 | Финансиска поддршка за набавка на педигрирани грла свињи | Критериум<br><br>*- Набавени машки приплодни грла од регистрирани одгледувалишта на добиток*<br><br>Висина на поддршка<br>*- 50% од набавната вредност но не повеќе од 20.000 денари/грло независно од вредноста на набавката за машките приплодни грла (оригинали)*<br>*- 50% од набавната вредност но не повеќе од 5.000 денари/грло независно од вредноста на набавката за машките приплодни грла (хибриди)* | 5,000,000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Живинарство** | | **22,200,000** |
| 2.13 | Финансиска поддршка за одгледани и продадени бројлери во регистрирани кланични капацитети | Критериум<br><br>*- најмалку 1.000 одгледани и продадени бројлери во период ноември 2007-октомври 2008*<br><br>Висина на поддршка<br><br>*- 10 ден/пиле* | 15,000,000 |
| 2.14 | Финансиска поддршка за амортизирани јајценосни кокошки продадени во регистрирани кланични капацитети | Критериум<br><br>*- Финансиската поддршка се исплаќа за фарми со минимум 2000 несилки*<br>*- Продадени несилки во период јануари- октомври 2008 година*<br>Висина на поддршка<br><br>*- 8 ден/несилка* | 3,200,000 |
| 2.15 | Финансиска поддршка за произведени еднодневни бројлерски пилиња | Критериум<br><br>*Произведени и продадени пилиња во период јануари-октомври 2008 година* | 3,000,000 |
| 2.16 | Финансиска поддршка за произведени еднодневни женски пилиња од јајценосни хибриди | Критериум<br><br>*Произведени и продадени пилиња во период јануари-октомври 2008 година* | 1,000,000 |
| | **Пчеларство** | | **17,640,000** |
| 2.17 | Финансиска поддршка за пчелно семејство | - минимум 35 семејства | 16,415,000 |
| 2.18 | Финансиска поддршка за набавка на матици | Критериум<br><br>*- за пчелари кои поседуваат најмалку 15 пчелни семејства-нуклеуси.*<br>*- за купени најмногу 10 матици .*<br><br>Висина на поддршка<br><br>*- 300 денари по набавена матица независно од вредноста на набавката* | 300,000 |
| 2.19 | Финансиска поддршка за подигање на нови површини под медоносна флора (фацелија, еводија и багрем) | Критериум<br><br>*- Финансиската поддршка ќе се исплаќа на пчелари кои поседуваат минимум 45 пчелни семејства.*<br>*- посеана или засадена површина на минимум 0.2 ха* | 925,000 |
| | **Посебни мерки во сточарското производство** | | **9,000,000** |
| 2.20 | Финансиска поддршка за водење на матично книговодство, селекција и следење на состојбите во сточарството | | 4,000,000 |
| 2.21 | Финансиска поддршка на проекти од областа на сточарството | *Изработка на студии, имплементација на проекти, изготвување на под-секторски стратегии/програми за потреба на министерството* | 5,000,000 |

IV

Средствата од дел I точка 3 на оваа програма наменети за финансиска поддршка за алтернативни, нетрадиционални и недоволно застапени производи во износ 9.000.000,00 денари ќе се користат за реализација на следните мерки:

| | Вид на мерка | Критериум и висина на поддршката | износ |
|---|---|---|---|
| **3. АЛТЕРНАТИВНИ, НЕТРАДИЦИОНАЛНИ И НЕДОВОЛНО ЗАСТАПЕНИ ПРОИЗВОДИ** | | | **9,000,000** |
| | **Растително производство** | | **6,945,000** |
| 3.1 | Финансиска поддршка за подигање на површини (аспарагус и брокула) | Критериум<br>*- подигната површина со брокула и аспарагус во 2008 година*<br>*- Брокула на минимум површина од 0.1 ха*<br>*- Аспарагус на минимум површина од 0.3 ха* | 1,260,000 |
| 3.2 | Финансиска поддршка за подигање на површини лековити, ароматични и зачински растенија | Критериум<br>*- Посеана површина во 2008 година на минимумповршина од 0.2 ха*<br>*- според листа на ароматични, лековити и зачински растенија* | 360,000 |
| 3.3 | Финансиска поддршка за подигање на нови овошни насади во 2008 година (аронија, боровинка, јапонска јаболка и калинка) | Критериум<br>*- подигнати нови површини на минимум 0.2 ха*<br>*-Период на подигање есен 2007-пролет 2008 година* | 5,025,000 |
| 3.4 | Финансиска поддршка за подигнати овошни насади со алтернативни овошни култури | Критериум<br>*- подигнати нови овошни насади на минимум 0.2 ха*<br>*- подигнат овошен насад во 2007 година*<br>Висина на поддршка<br>*- 10.000 ден/ха* | 300,000 |
| | Сточарско производство | | **2,055,000** |
| 3.5 | Финансиска поддршка за фармерско одгледување на ноеви | Критериум<br>*- регистрирано одгледувалиште со минимум 4 возрасни единки* | 1,335,000 |
| 3.6 | Финансиска поддршка за фармерско производство на полжави | Критериум<br>*- регистрирано одгледувалиште со минимум 0.2 ха вкупна производна површина на фармата* | 720,000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **4. СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТАНДАРДИ ЗА КВАЛИТЕТ И БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА** | | | **9,200,000** |
| | **Стандарди за безбедност во земјоделското производство** | | **5,600,000** |
| 4.1 | Финансиската поддршка за спроведени стандарди за безбедност во примарното производство на свежи производи | Критериум<br>*- за минимум 0.1 ха засеана површина во 2008 година со култури за свежа консумација произведени по стандарди за безбедност(ЕУРЕПГАП)*<br>Висина на поддршка<br>*- 2.000 ден/ха*<br>*- 50% од консултантско припремни услуги за добивање на сертификат по прв пат*<br>*- 50% од трошоци за добивање на сертификат* | 3,600,000 |
| 4.2 | Спроведени стандарди за безбедност на земјоделски производи наменети како сировина за преработувачки капацитети регистрирани по НАССР (доработка) | Критериум<br>*- за минимум 0.2 ха засеана површина во 2008 година со култури за кои е добиен сертификат и истите се предадени како суровина во преработувачки капацитет регистриран по НАССР*<br>Висина на поддршка<br>*- 2.000 ден/ха*<br>*- 50% од консултантско припремни услуги за добивање на сертификат по прв пат*<br>*- 50% од трошоци за добивање на сертификат* | 2,000,000 |
| | **Воведување одржливи системи за користење на природни ресурси** | | **2,400,000** |
| 4.3 | Финансиска поддршка за изработка на елаборат за природна продуктивност на подрачјето за собирање самоникли растителни видови, габи и лишаи | Критериум<br>*Изработен елаборат и позитивно оценет од МЗШВ*<br>Висина на поддршка<br>- 50% од трошоци за изработка на елаборат но не повеќе од 180.000ден/корисник | 500,000 |
| 4.4 | Финансиска поддршка за регистрација на откупен пункт за вршење откуп на самоникли растителни видови, габи и лишаи | Критериум<br>*регистриран откупен пункт во 2008 година*<br>Висина на поддршка<br>- 50% од трошоци за регистрација но не повеќе од 30.000ден/корисник | 600,000 |
| 4.5 | Финансиска поддршка за обука и регистрација на собирачи | Критериум<br>*-Програма за обука одобрена од -МЗШВ*<br>*Реализирана обука во 2008 година*<br>*-Обучени мин. 20 собирачи по обука*<br>Висина на поддршка<br>*- 50% од трошоци за реализирана обука но не повеќе од 20.000 ден/обука* | 240,000 |
| 4.6 | Регистрација и добивање право на користење на географска ознака (ГО), ознака за потекло (ОП) и традиционален специјалитет (ТС) | Критериум<br>*Добиено право за користење на ГО, ОП и ТС од страна на БЗИС во 2008 година*<br>Висина на поддршка<br>*50% од направени трошоци за добиено право и тоа за:*<br>*-Изработка на елаборат за заштита на земјоделско-прехрамбен производ,*<br>*-трошоци за регистрација во БЗИС и*<br>*-бар код регистрација* | 1,060,000 |
| | **Контрола на квалитетот на непреработени и полупреработени земјоделски производи преку лабораториска анализа** | | **1,200,000** |
| 4.7 | Финансиска поддршка за трошоци за лабораториска анализа на финален производ наменет за домашен пазар и/ или извоз за мерките 4.1-4.2 | Критериум<br>Извршена анализа<br>Висина на поддршка<br>*- 50% од трошоци за извршена анализа* | 1,200,000 |

VI

Средствата од дел I точка 5 во вкупен износ од 13.000.000,00 денари наменети за реализација на општите мерки ќе се исплаќаат за реализација на следните мерки:

| | 5. ОПШТИ МЕРКИ | | 13,000,000 |
|---|---|---|---|
| 5.1. | Пропаганда и издаваштво во земјоделството, вклучително поддршка за издавање на стручни списанија од областа на земјоделството и руралниот развој | | 3,000,000 |
| 5.2. | Поддршка за организирање на саеми и манифестации за промоција на земјоделското производство | | 2,500,000 |
| 5.3. | Одржување и надградба на Земјоделски информативен систем (ЗИС), водење на евиденција и регистрација | | 2,000,000 |
| 5.4. | Средства за изработка на закони и подзаконски акти и обуки од областа на земјоделството | | 2,000,000 |
| 5.5. | Поддршка на поголемите организации на здружување на земјоделците според поднесена годишна програма | | 2,500,000 |
| 5.6. | Материјални трошоци за спроведување на програмата | | 1,000,000 |

VII

Средствата од дел I точка 6 во вкупен износ од 154.700.000,00 денари наменети за поддршка на посебните мерки ќе се исплаќаат за реализација на следните мерки:

| 6 | ПОСЕБНИ МЕРКИ | | 154.700.000 |
|---|---|---|---|
| 6.1 | Финансиска поддршка за млади фармери | Критериум<br><br>*- Возраст под 40 години*<br>*- Поднесено барање мерките од дел II, III и IV од програмата*<br>*- 50% намалени критериуми по мерките од програмата*<br>*- Да поседува сопствена земјоделско земјиште/сточен фонд* | 14,700,000 |
| 6.2 | Финансиска поддршка за населението од ридско-планински подрачја (по објавена листа од МЗШВ) | Критериум<br><br>- физички лица на кои производните капацитети им се наоѓаат во ридско-панински подрачја<br>- 50% намалени критериуми по мерките од *од дел II, III и IV од* програмата<br><br>Висина на поддршка<br><br>- 10% зголемување на средствата по *мерките од дел II, III и IV од програмата* | 20,000,000 |
| 6.3 | Надомест на трошоци за регистрација на индивидуални земјоделци | Критериум<br><br>*Регистрирани земјоделци согласно Закон за вршење земјоделска дејност во 2008 година*<br><br>Висина на поддршка<br><br>*2.000 ден/корисник* | 50,000,000 |
| 6.4 | Надомест за осигурување во примарното земјоделско производство | Критериум<br>*Осигурано примарно земјоделско производство*<br>Висина на поддршка<br>*30% од вредност на полисата* | 70,000,000 |

VIII

Средствата од дел I точка 7 на оваа програма во износ од 9.000.000,00 ќе се користат за довршување на започнатите мерки и неподмирени обврски во 2007 година и за недоволно предвидени средства по одделни мерки во 2008 година.

IX

Исплата на средствата од Програмата од дел I може да се врши на физички и правни лица кои податоците за производните капацитети ги доставиле до подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство најдоцна до 31.05.2008 година.

Барањето за исплата на средства со потребните документи физичките и правни лица ги доставуваат до подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство најдоцна до 31.05.2008 година освен за мерките од дел II точка 1.14., дел III точка 2.20. и 2.21., и дел VI точките 5.1.,5.2.,5.3.,5.4.,5.5. и 5.6., за кои барањата се поднесуваат директно до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство најдоцна до 05.11.2008 година.

Подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство групните барања ги поднесуваат до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, најдоцна до 05.11.2008 година.

Барањата за исплата на средствата од дел II точка 1.1., 1.6., 1.10. и 1.11. како и од дел III точка 2.1.2.2, 2.6. 2.9,2.11,2.13 и 2.14 се поднесуваат периодично.

Барања за исплата на средства од дел V точка 4.3.и 4.4. поднесуваат ЈП за стопанисување со шуми, Национални паркови и лица кои имаат склучено договор за собирање на споредни шумски плодови.

Исплатата на средствата од оваа Програма по корисници ја врши Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој врз основа на поднесени групни барања за исплата од страна на подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, освен за мерките од дел II точка 1.14., дел III точка 2.20. и 2.21., дел VI точките 5.1.,5.2.,5.3.,5.4.,5.5. и 5.6., и од дел VIII за кои исплата на средства врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Барателите за користење на средства од оваа програма, за да им се исплатат бараните средства по одделни мерки од Програмата мора да ги имаат подмирено надоместоците за користење на државно земјоделско земјиште и користење на пасишта, како и други тековни договорни финансиски обврски кон министерството. Доказите за сите платени надоместоци и други потребни документи издадени од државните органи ќе се обезбедуваат по службена должност.

Доколку дојде до извршување на некои мерки предвидени со оваа Програма во поголем обем, а друга биде нецелосно реализирана, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во рамките на вкупно расположливите средства по оваа програма врши соодветна пренамена по мерки.

Исплатата на средства се извршува до 25.12.2008 година.

За реализација на мерките од оваа програма се грижи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, согласно Законот за земјоделство и рурален развој и Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

X

Средствата предвидени со оваа Програма се неповратни.

XI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр.19-1264/1
25 февруари 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.